**20100300505**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 65 став 3 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ број 99/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.02.2010 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТАНОТ, КАКО И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА, ВИСИНАТА НА НЕПРОФИТНАТА ЗАКУПНИНА, НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗАКУПНИНАТА, ПРОСТОРНИТЕ НОРМИ, НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СТАНОТ,ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НЕПРОФИТНИ СТАНОВИ,СТАНОВИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ, ЗА ПРИВРЕМЕН ЗАКУП И ЗАКУПОТ НА СТАНОВИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНА НАМЕНА

Член 1

Во Уредбата за Методологија за утврдување на вредноста на станот, како и Методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена („Службен весник на Република Македонија“ број 13/2010), во членот 15 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Висината на закупнината за користење на непрофитни станови за лица со социјален ризик изградени согласно Годишната Програма за изградба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија кои се доделуваат согласно Одлуката за распределба на социјални станови како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/2009) се определува согласно став 1 на овој член, но истата не изнесува повеќе од 15,00 денари по метар квадратен станбена површина на месечно ниво“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-1083/1
16 февруари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.